**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

Сиг. 0801-40-1

**ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

Инв. Бр. 1/11

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *АНГЛИСКИ ЈАЗИК*

**ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ**

**ЗА IV ГОДИНА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за образование и наука
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

**Скопје, 2003 година**

**Наставната програма ја одобри (донесе) Министерот за образование и наука со решение бр. 07-8142/1 од 24.12.2003 година.**

## I. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** АНГЛИСКИ ЈАЗИК

**1.2. Вид на средно образование:** гимназиско

**1.3. Година на изучување:** четврта

**1.4. Број на часови:**

- Број на часови неделно: 3 часа
- Број на часови годишно: 99 часа

**1.5. Статус на наставниот предмет:** изборен предмет

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

### 2.1. Општа цел

Целта на наставата по англиски како трет странски јазик е да го подигне општообразовното и културното ниво на ученикот, да ја прошири можноста за комуницирање во секојдневниот контекст и да ја развие личноста и креативноста на ученикот.

Поагајќи од оваа цел, ученикот кој успешно го завршил овој предмет, треба да биде оспособен:

- да го користи англискиот јазик во ситуации од секојдневниот живот;
- да ги развива позитивните карактеристики на личноста, неопходни за вклучување во општеството.

Овие општи цели на предметот придонесуваат за исполнување на општообразовните цели на нашиот образовен систем, оспособување и целите за личниот развој.

### 2.2. Општи цели

Со својата оспособеност да комуницира на англиски јазик во ситуации од секојдневниот живот, ученикот ќе придонесе во исполнувањето на општообразовните цели.

Конкретниот придонес кон овие посебни цели е:

- ученикот да ги развие своите индивидуални способности за рецептивна и продуктивна примена на англискиот јазик во устен и писмен контекст;
- да се здобие со одреден социо-лингвистички фонд на знаења и способности што ќе му овозможат нивна практична примена во секојдневната комуникација;
- да се мотивира и оспособува за натамошно образование и самообразование, како и за проширување и продлабочување на стекнатите знаења и способности;
- да се запознае со културните карактеристики и актуелности на другите земји и народи што ќе помогнат за мегукултурна размена и толеранција и за критички однос кон информациите добиени на соодветниот странски јазик.

### 2.3 Посебни цели

Со развивањето на позитивните карактеристики на личноста, неопходни за вклучување во општеството и идната професија, ученикот ќе придонесе во исполнувањето на целите за личен развој.

Конкретниот придонес кон оваа посебна цел е:

- ученикот, со својата оспособеност за комуницирање на англиски јазик, а преку интеракција со соговорници од други земји, да биде подготвен за перманентно учење и личен развој;
- преку применетите форми и методи во процесот на учењето на англискиот јазик, да развие лични способности за решавање проблеми, донесување одлуки, соработка, креативност и др.

## III. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на содржините, потребно е учениците успешно да ја имаат совладано програмата за англиски јазик како трет јазик во втора година.

## IV. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Области и содржини

Процесот на учење на англискиот јазик го сочинуваат одреден број компоненти за кои подолу е дадена листа на конкретните цели и на дидактичките насоки. Овие компоненти се: слушање, зборување, читање, пишување, комуникативни модели, граматика, вокабулар и култура. Оваа поделба укажува на тоа кои компоненти ги сочинуваат крајните јазични вештини што учениците треба да ги имаат усовршено по завршувањето на прва година.

Меѓутоа, во образовниот процес овие компоненти не се обработуваат одделно или по оној редослед во кој се појавуваат во оваа програма. Во фактичката ситуација во која се одвива учењето, наставникот ќе ги интегрира различните компоненти, со што јазикот ќе се учи на функционален, холистички начин.

### 4.2. Структуирање на содржините за учење

**КОМПОНЕНТА 1: СЛУШАЊЕ**

Целите на компонентата *Слушање* се:

- ученикот да се оспособува да ги препознава и дискриминира фонемите, акцентот, ритамот и интонацијата во англискиот фонетски систем;
- да се оспособува да ги воочува граматичките особености на говорниот јазик;
- да се оспособува да разбира и соодветно реагира на куси инструкции, пораки, информации, составени од познати јазични елементи;
- да се оспособува да идентификува конкретни информации во куси текстови на општи теми, составени од познати јазични елементи;
- да се оспособува да разбира говор преку поврзување на лингвистичките со паралингвистички сигнали (интонација, акцент) и нелингвистички сигнали (гестикулации).

| Содржини | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Фонеми | Ученикот да ги препознава слухово сите фонеми во англискиот фонетски систем; | Целиот фонетски систем | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или изворни говорници и подвлекување графеми; идентификување фонетски симболи соодветни на фонемите итн.; | Со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик и мајчиниот. |
| | слухово да ги диференцира буквите од англиската азбука при спелување. | /si:/-c; /es/-s; /ei/-a; /i:/-e; /ai/-I<br>His name is <u>de Bourgh.</u><br>/D-E-new word B-O-U-R-G-H/ | вежби со слушање на спелување на зборови и необични имиња и подвлекување соодветна буква или збор. | |
| Зборови | Да идентификува сложени именки составени од две или повеќе именки според примарниот акцент; | i'dentity card<br>'post office<br>'headache | Вежби со слушање зборови од аудио-снимки или од наставникот и подвлекување на нагласените слогови; | |
| | слухово да идентификува акцент во фамилија зборови. | 'celebrate (v.) cele'bration (n.)<br>'act (v.) 'active (adj.) 'acting (n)<br>'science (n) scien'tific (adj.) scientist (n.) | вежби со продуцирање и репродуцирање фамилија зборови и подвлекување на нагласените слогови. | |
| Реченици | Да идентификува надолна и нагорна интонација на прашални завршетоци на потврдни и одречни искази; | We have a break at 10, don't we? ↘<br>He didn't invite you, did he? ↗ | Вежби со слушање реченици од аудио снимка или од наставникот и обележување на интонацијата; | Со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик и мајчиниот; |
| | да идентификува слеани (поврзани) зборови; | <u>Where is</u> <u>he?</u><br>/weəz 'hi:/<br><u>His old</u> friend.<br>/<u>hiz</u>əʋ<u>ld</u> frend/ | вежби со слушање реченици од аудио или видеоснимки, од наставникот или од изворни говорници и идентификување на слеаните (поврзните) зборови; | со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик; |
| | да идентификува јаки и слаби форми на заменки и предлози; | Give us (him, her, them) a chance.<br>/əs/ /'im/ /hə:/ /δəm/<br>I am looking <u>for</u> you.<br>/fə/<br>Who are you looking <u>for?</u> /fɔ:/ | вежби со слушање реченици од аудио или видеоснимка или од наставникот и подвлекување на јаките и слабите форми на зборовите. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да идентификува конкретни информации во говор на општи теми, составени од познати јазични елементи; | David is a computer consultant. He helps companies by suggesting which computers they should buy and by writing programs for them. He can work more quickly than any other professional. | слушање текстови од аудио снимки или презентирани од наставникот и поврзување/подредување слики; точни/неточни искази; повеќечлен избор; трансфер на информации во графички прикази; идејни мапи и сл.; | со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик и другите предмети. |
| | да диференцира прашања, барања, инструкции, пораки, поплаки и сл., составени од познати јазични елементи. | Where can I buy newspapers?<br>Can you answer the phone, please?<br>Can you tell her I called?<br>I can't find that information. | вежби со слушање говор од аудиоснимки, од наставникот или од изворни говорници и давање одговор на прашања, барања, поплаки; извршување барања и инструкции итн. | |

**КОМПОНЕНТА 2: ЗБОРУВАЊЕ**

Целите на компонентата *Зборување* се:

- ученикот да се оспособува правилно да ги изговара фонемите на англискиот фонетски систем, акцентот, ритамот и интонацијата;
- да се оспособи усно да комуницира во секојдневни ситуации применувајќи ги комуникативни модели и јазичните елементи предвидени за оваа година;
- да се оспособува усно да реагира на она што го гледа, слуша или чита.

| Содржини | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Фонеми | Ученикот да продуцира правилен изговор на англиската азбука при спелување. | /si:/-c; /es/-s; /ei/-a; /i:/-e; /ai/-I<br>His name is de Bourgh.<br>/D-E-new wod B-O-U-R-G-H/ | Активности од типот на вежби со спелување на зборови и необични комбинации на имиња. | Со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик и мајчиниот. |
| Зборови | Правилно да продуцира примарен акцент кај сложени именки составени од две или повеќе именки; | i'dentity card<br>'post office<br>'headache | Вежби со изговорање на фамилија зборови. | |
| | да продуцира (изведува) фамилија зборови од основен збор. | 'celebrate (v.) cele'bration (n.)<br>'act (v.) 'active (adj.) 'acting (n)<br>'science (n) scien'tific (adj.)<br>scientist (n.) | | |
| Реченици | Да изговара правилно нагорна и надолна интонација на прашални завршетоци на потврдни и одречни искази; | We have a break at 10, don't we? ↘<br>He didn't invite you, did he? ↗ | Вежби со репродукција и продукција на реченици, гласно читање на дијалози, драматизација; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да изговара правилно слеани (поврзани) зборови; | Where is he?<br>/weəz hi:/<br>His old friend.<br>/hizəʊld frend/ | вежби со изговарање реченици; гласно читање дијалози; драматизација; | Со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик, мајчиниот и другите предмети. |
| | да изговара правилно јаки и слаби форми на заменки и предлози; | Give us (him, her, them) a chance.<br>/əs/ /'im/ /hə:/ /ðəm/<br>I am looking for you.<br>/fə/<br>Who are you looking for? /fɔ:/ | вежби со изговарање реченици; гласно читање дијалози; драматизација; | |
| | да комуницира применувајќи ги предвидените комуникативни модели и јазични елементи. | - Excuse me. I am looking for the manager.<br><br>- Yes. He's in his office, through that door on the left. | вежби со поставување прашања и давање на одговори, драматизација на дијалози, (отворени дијалози, креирање дијалози, монолошки говорни текстови од дадени елементи), опишување, објаснување. | |

**КОМПОНЕНТА 3: ЧИТАЊЕ**

Целите на компонентата *Читање* се:

-ученикот да се оспособува да препознава усно усвоени зборови и искази во нивната графичка форма;
- да се оспособува да ги препознава симболите на фонетската транскрипција;
- да се оспособува да ги дискриминира јазичните елементи предвидени за оваа година, во куси и подолги искази (интензивно читање);
- да идентификува конкретни информации и јазични елементи во куси текстови на општи теми, составени од познати јазични елементи;
- да се оспособува да разбира куси пишани инструкции, информации, пораки, натписи, составени од познати јазични елементи;
- да се оспособува да ја разбира главната идеја (мисла) во куси пишани текстови на општи теми, составени од познати јазични елементи.

| Содржини | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Букви | Ученикот да ја препознава графијата на усно усвоени фонеми. | /ʤ/ - bridge, jam<br>/ʧ/ - chair, match<br>/ʃ/ - shoe, sure<br>/ə/ - earth, bird | Вежби со поврзување зборови со зборови, зборови со слики итн. | Со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик. |
| Зборови | Да чита и толкува скратеници на групи од зборови (акроними); | NATO /'neitəʊ/<br>UNESCO /ju'neskəʊ/<br>AIDS /eids/ | Вежби со спелување на скратеници на групи од зборови; читање скратеници (акроними); | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | и понатаму да идентификува изговор на непознати зборови преку фонетска транскрипција; | shoe /'ʃu:/<br>jam /ʤaem/<br>cheap /ʧI:p/<br>walk /wɔ:k/ | вежби со читање фонетска транскрипција на зборови од речник; | |
| | да идентификува сложени именки составени од две или повеќе именки и да го објасни нивното значење; | i'dentity card<br>'post office<br>'headache | вежби со претворање фрази во сложени именки (претворање сложени именки во фрази), превод од англиски на македонски јазик; | |
| | да го разбира приближно значењето на непознат збор во познат или недоволно познат контекст од општа тематика; | The head teacher is ill, so Mrs Betts is <u>in charge</u> today. | читање искази, подвлекување зборови, повеќечлен избор од дефиниции на зборови, синоними, антоними итн. | Со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик и другите предмети. |
| Реченици | Да дискриминира јазични елементи во куси и подолги искази; | Видови зборови, делови од реченици, реченици. | Вежби со читање реченици и подвлекување на конкретното барање; | Со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик и мајчиниот;<br><br>со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик. |
| | да идентификува конкретни информации во текстови со општа тематика составени од познати јазични елементи; | The teacher says that we <u>don't have enough time</u> to prepare for <u>the test.</u> I think that we have <u>if we start exercising earlier.</u> | вежби со читање текстови и пополнување реченици; точни/неточни реченици; трансфер на информации со графички прикази; трансформација на реченици; | |
| | да ја разбира главната мисла во подолги текстови од општа тематика, составени од познати јазични елементи. | | вежби со читање избрани текстови со одговарање на прашања, точни/неточни искази; подредување реченици, поврзување слики со текст, давање нови наслови на текстови, повеќечлен избор итн. | |

## КОМПОНЕНТА 4: ПИШУВАЊЕ

Целите на компонентата *Пишување* се:

- ученикот да се оспособува да го разбира односот фонема/графема;
- да се оспособувс да пишува познати и непознати зборови по спелување;
- да се оспособува да пишува куси насочени состави во кои ќе искажува лични и други информации и пораки .
- да се оспособува правилно да ги применува основните интерпункциски знаци.

| Содржини | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Букви | Ученикот да ги пишува правилно фонемите. | Нови графии на усно усвоени фонеми. | Активности од типот на вежби со пополнување испуштени букви во зборови. | Со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик. |
| Зборови | Да пишува правилно нови зборови од општа тематика по спелување; | His name is de Bourgh. /D-E-new word B-O-U-R-G-H/ | Вежби со препишување зборови, подредување букви во зборови, пишување нови зборови по спелување итн.; | |
| | да пишува скратеници на групи од зборови (акроними); | NATO<br>UNESCO<br>AIDS | пишување скратеници на групи од зборови; | |
| | да пишува изведени зборови (фамилија зборови) од даден основен збор. | celebrate, celebration<br>act, active, acting<br>science, scientific, scientist | вежби со пишување зборови изведени од основен збор, пополнување зборови во реченици. | |
| Реченици | Да пишува реченици со правилен ред на зборови составени од познати јазични елементи; | Nylon was invented in the early 1930's by an American chemist, Julian Hill. | Вежби со трансформации на реченици од активна во пасивна форма; директен во индиректен говор; дополнување реченици или делови од реченици итн.; | Со првиот и вториот странски јазик и мајчиниот; |
| | да пишува поврзани мисли применувајќи соодветни јазични елементи, комуникативни модели и интерпункциски знаци; | | Вежби со пишување и проширување белешки; поврзување и подредување реченици; трансформација на реченици со сврзници; пишување варијации на дадени текстови; | |
| | да пишува пораки, писма, инструкции, барања и сл. составени од познати јазични елементи. | Dear Sir,<br>Please send me a brochure on your open university and an application form. I want to learn Latin.<br>Thanking you in advance,<br>Florence Jones | Вежби со запишување слушнати пораки, инструкции, барања; пишување писма (формални и неформални). | со првиот и вториот странски јазик и другите предмети. |

**КОМПОНЕНТА 5: КОМУНИКАТИВНИ МОДЕЛИ**

Целта на компонентата *Комуникативни модели* е:

- ученикот да се оспособи да комуницира во секојдневни ситуации применувајќи комуникативни модели во рамките на јазичните елементи предвидени за оваа година.

| Содржини | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| 1. Извинување и прифаќање на извинување | Ученикот да може да ги идентификува и применува предвидените комуникативни модели во усна и писмена комуникација. | - I am sorry.<br>- I'm afraid.<br>- Never mind.<br>- It's OK. | Активности од типот на вежби со соодветни комуникативни модели за дадена ситуација на релација ученик - ученик;<br>ученик - возрасен;<br>возрасен - возрасен;<br>вработен - вработен;<br>со драматизација на дијалози, варијации на веќе обработени дијалози, отворени дијалози итн. со или без користење аудиовизуелни или други слични средства. | Со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик и мајчиниот. |
| 2. Опишување лица | | She is tall with long black hair.<br>He has black hair and green eyes. | | |
| 3. Нудење помош<br>- прифаќање<br>- одбивање | | - What can I do for you?<br>- Can I help you?<br>- Yes, please./ Oh, thank you.. Thanks.<br>- No, thank you. / Thanks.<br>- No, it's OK. | | |
| 4. Нудење нешта | | - Would you like a cup of coffee?<br>- Yes, please.<br>- Would you like a glass of wine?<br>- No, thanks. I'd like a glass of juice. | | |
| 5. Изразување барање и одговор на барање | | - Can you tell me where platform six is?<br>- Yes, of course./ Certainly.<br>- It's over there. I'll show you.<br>- Could I have another plastic bag?<br>- Here you are. | | |
| 6. Искажување воодушевување | | Great! It's a good idea!<br>Splendid! | | |
| 7. Одбивање и прифаќање на покани | | - Would you like to go to the theatre with me?<br>- Yes, I'd love to!<br>- That would be lovely.<br>- I can't. I'm afraid…<br>- That's very kind, but… | | |
| 8. Изразување чусење | | - Oh, really? That's impossible!<br>- I don't belive it. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. Изразување обврска | | I must feed the baby.<br>Students should respect their teachers. | | |
| 10. Давање совет | | You should stay in bed for a few days. | | |
| 11. Барање/давање и прифаќање/одбивање сугестии | | - What shall we do? - Let's go to the zoo.<br>- Shall we go to the theater? - That's a good idea.<br>- Oh, no! It's too late for that. | | |
| 12. Барање и давање информации за временска состојба | | - What's the weather like?<br>- It's cold in winter and hot in summer.<br>- How's the weather there?<br>- It's cold and rainy. | | |
| 13. Опишување градови, хотели, плажи итн. | | - What is Rome like? - It's beautiful, interesting and expensive.<br>- What was the hotel like? - It was big and comfortable. | | |
| 14. Давање информации за правец на движење | | Go that way for a few hundred yards, then turn left.<br>It's opposite the flower shop. | | |
| 15. Споредување | | Ann is taller than her mother.<br>Concorde is the fastest passenger plane.<br>He isn't as clevel as his sister. | | |
| 16. Прекажување туѓи искази | | He says (that) he has met a lot of famous people.<br>She tells me (that) she loves me. | | |

## КОМПОНЕНТА 6: ГРАМАТИКА

Целите на компонентата *Граматика* се:

- ученикот да ги разбере јазичните елементи предвидени за оваа година и правилно да ги применува во најразлични комуникативни ситуации.
- да се поттикне да ја индивидуализира и контекстуализира граматиката.
- да ги негува разликите на граматичките интерпретации, како и универзалноста на граматичките идеи.

| Содржини | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предмтите |
|---|---|---|---|---|
| **Именки**<br>а) општи/материјални<br><br>б) присвојна форма<br>- присвојно -s со луѓе и група од луѓе, продавници, животни;<br>- присвојност со -of кај предмети | Ученикот да може да ги идентификува, разбере и применува предвидените граматички форми и структури во усна и писмена комуникација. | Woman, river, month, street<br>Would you like coffee?<br>We'd like two coffees, please.<br><br>Jane's coat, cat's tail,<br>the boy's school, at the butcher's<br><br>the leg of the table | Активности од типот на вежби со повеќечлен избор, поврзување зборови или делови од реченици, подредување зборови во реченици, супституции во реченици, пополнување и дополнување реченици, комбинирање и трансформации на зборови и реченици. | Со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик и мајчиниот. |
| **Заменки**<br>а) неопределени | | one/ones<br>We ordered two small pizzas and a big one.<br>Which books are yours? - The blue ones.<br><br>Every/No/body/thing/one/<br>Everybody's present.<br>There's nobody in the house. | | |
| **Членови**<br>а) определен член со географски поими, музеи, кина; суперлатив<br><br>б) испуштање на членот со изрази, географски поими | | the Black Sea, the Thames, the Alps, the British Museum, the Odeon;<br>the oldest, the most expensive<br><br>Life is hard.<br>go to bed/church/hospital<br>Lake Ohrid, Asia | | |
| **Придавки**<br>а) неопределени (со материјални именки) | | some/any<br>There's some salt, but there isn't any pepper.<br>Have you got any eggs? | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| б) компарација кај:<br>- едносложни и некои двосложни придавки<br>- повеќесложни и некои двосложни придавки<br><br>- паралелна компарација<br><br>- неправилна компарација | | Big - bigger - the biggest<br>heavy - heavier - the heaviest<br><br>exciting - more exciting - the most exciting<br>modern - more modern - the most modern<br><br>London doesn't have as many old buildings as Rome.<br>Your car isn't as big as mine.<br><br>good - better - the best | | |
| **Прилози**<br>а) формирање на прилози за начин<br>- придавка + -ly<br>- неправилни (fast, well, hard, итн.)<br><br>б) за определено и неопределено време | | They walk quickly.<br>Slow-slowly; gay – gayly<br>The train went fast.<br>He speaks French well.<br>They worked hard.<br><br>now, yesterday, tomorrow<br>ever, never, just, yet | | |
| **Предлози**<br><br>without, through, opposite, up, over, into, down round, like, by, during, than, out of, past, under, along | | We travel by boat. It stopped raining during the night.<br>We get into a public vehicle.<br>She fell through the ice.<br>He is not like me.<br>You go down the path, past the pond and over the bridge. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Глаголи и времиња**<br>а) Present Simple<br>- have/have got<br><br><br><br><br>б) Past Continuous (past activity happening over a period of time)<br><br>в) Present Perfect Simple<br>- past experience as part of someone's life<br>- action began in the past and continues to the present<br>г) Future Simple<br>- Intentions<br>- Decision made at the moment of speaking<br>- A future fact<br><br>д) Модални глаголи<br>- must/have to<br>- would<br>- should<br>- could<br><br>г) Глаголи со честици<br><br>е) Глаголска именка/инфинитив | | He has two sisters.<br>He's (has) got two sisters.<br>Do you have...?<br>Have you got...?<br><br>What were you doing at 9.00 o'clock last night? - I was watching TV.<br><br>He has travelled a lot in Europe.<br>I have never flown in a plane.<br><br>I have worked in a bank for ten years.<br><br>I'll answer the phone.<br>The Queen will open the new library next Friday.<br><br>I must get my hair cut.<br>I would like to come.<br>I should phone home.<br>I could swim when I was three.<br><br>turn on/off, look after, wake up<br><br>She enjoys cooking.<br>They want to buy a new car.<br>I started to learn/lerning English. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реченици**<br>а) прашални<br>- yes/no прашања<br><br>б) прашања со прашални збoрови<br><br>в) "Нели" прашања<br><br>г) одречни реченици<br><br>д) пасив<br>- Present simple<br>- Past simple<br><br>г) индиректен говор во искази (без промена на време)<br><br>е) условни реченици (прв тип)<br><br>ж) односни реченици (определени) | | Have you got a pet?<br>Have you been to France?<br>Were you watching TV at 9.00?<br>Do you have to wear a tie?<br><br>How much money have you got?<br>What country do you come from?<br>How long have you lived there?<br>What time do you have lunch?<br><br>She is late, isn't she?<br>He isn't coming, is he?<br><br>I haven't got a pet.<br>I haven't been to France.<br>It wasn't raining.<br><br>The butter is kept here.<br>This picture was painted by Piccasso.<br><br>She says (that) she lives in London.<br>He says (that) he has eaten Indian food.<br><br>If he runs all the way he'll get there in time.<br>Come with us if you like.<br>If you heat ice, it turns to water.<br><br>This is the house which/that Jack built.<br>This is the boy who stole the bicycle. | | |

**КОМПОНЕНТА 7: ВОКАБУЛАР**

Целите на компонентата *Вокабулар* се:

- ученикот да усвои основен лексички фонд за активна примена во секојдневна комуникација;
- да се оспособува да се служи со двојазичен речник.

| Теми | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Лица | Ученикот перманентно да го збогатува фондот на зборови за активно и пасивно користење во усна и писмена комуникација. | Опишување на личности, физичкиот изглед и карактер | Активности со слушање и гледање аудио, односно видеоснимки, читање текстови и подвлекување, супституција, трансформација, илустрирање зборови, пополнување зборови во реченици, поврзување слики и зборови, одговарање на прашања, игри и загатки и сл. | Со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик и другите предмети. |
| Семејство | | - Семејно сродство (мајка, татко, брат, сестра, роднини)<br>- односи меѓу деца и родители, судир на генерации | | |
| Луѓето и нивниот секојдневен живот (слободно време, живот во општеството, животот и работата) | | - животни искуства<br>- професии (добри и лоши страни)<br>- планови<br>- компјутери, апарати во домаќинството и сл. | | |
| Нашата земја и други земји | | - природни убавини<br>- начин на живеење<br>- образовен систем | | |
| Начин на комуницирање | | - формален/неформален говор<br>- телефонирање (формално/неформално) | | |
| Купување | | - видови продавници<br>- артикли<br>- комуницирање продавач-купувач | | |
| Уметност | | - филм<br>- музика и музички инструменти | | |

**КОМПОНЕНТА 8: КУЛТУРА**

Целите на компонентата *Култура* се:

- ученикот да се здобие со знаења и разбирање за некои социо-културни карактеристики на другите земји преку содржините од вокабуларот и комуникативните модели заради градење позитивен став кон придонесот на сопствената и на другите култури за подобро мегусебно разбирање и соработка;
- да се здобие со знаења на факторите кои влијаат врз стиловите на комуницирање во разни култури;
- да се здобие со поголема самосвест (свест за себеси) во однос на различните култури и интеркултурната комуникација;
- да ја зголеми способноста за опсервација, критичка анализа и решавање на проблеми во контекст на учење и на разрешување на конфликти;
- да стане посвесен за многуте културни и комуникациски варијабли од домашен контекст и да е отворен за натамошно учење на интеркултурната природа во тој контекст;
- да се запознае со социо-политичките и етичките димензии на изучувањето на странскиот јазик.

| Теми | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Навики при јадење и пиење | Ученикот да може да идентификува културни информации во даден контекст и соодветно да ги користи во усна и писмена комуникација со странци. | Однесување при јадење, видови храна, готвење, видови оброци, брза храна | Активности од типот на вежби со супституција, трансформација, подвлекување, пополнување, илустрирање, поврзување слики и зборови, одговарање на прашања врз прочитан текст или врз аудио и видеоснимки; микропроекти, игри и загатки итн. | Со предзнаењата од првиот и вториот странски јазик и другите предмети. |
| Познати личности од литературата и филмот | | Биографии на писатели, уметници, артисти | | |
| Музика | | Видови песни, музички инструменти | | |
| Купување | | - Однесување во продавници, цени, начин на плаќање<br>- Видови продавници, опис | | |
| Туризам | | - Држави, главни градови, поголеми градови, региони, познати места<br>- Туризмот во својата земја | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Комуницирање | Да може да ги идентификува и применува специфичните гестикулации и говор на телото типичен за културата на јазикот на изучувањето. | - Телефонирање<br>- Писма | | |

## 4.3. Наставни методи и активности на учење

*Основни наставни методи*

Како основни методи што можат да се користат во наставата по англиски јазик се методите: директната метода, методата на тивок пристап (Silent way), сугестопедијата (Suggestopedia), CLL (Community Language Learning) = метод на учење во заедница, ALM (Audio - Lingual Method)= аудио-лингвалниот метод, методата TPR (Total Physical Response)= каде учењето на јазикот е во координација со физичка активност и мобилност на учениците. Како заклучок може да се каже дека сите овие методи порано требало да се применуваат во рамките на комуникативниот приод (кој датира од осумдесетите години) сега се препорачува да се применуваат т.н. "соодветни методологии" , односно "Appropriate Methodologies".

*Активности на на ученикот*

Зависно од применетите методи во процесот на учењето, активностите на ученикот се состојат од: слушање, прибележување, повторување, вежбање, читање, откривање односи и законитости, самостојно учење, проверување, применување, работа во двојки и групи, изработување домашни задачи, дискутирање, опишување, раскажување, критичко размислување, поставување прашања, одговарање на прашања итн.

*Активности на наставникот*

Активностите на наставникот се сведуваат главно на дискутирање, објаснување, пишување на табла, давање упатства, дискутирање, демонстрирање, поставување и одговарање на прашања, читање, зборување, оценување задачи, организирање работа во двојки и групи, правење забелешки, мотивирање, иновирање итн. Наставникот е должен да обезбеди и безбедна средина во која учениците можат да учат и да се надградуваат. Тој/таа исто така е должен да врши "мониторинг" или да прати што кажуваат или прават учениците за да реагира благовремено и да усмерува. Улогата на наставникот се состои и во тоа да реагира смирено и непристрасно и да дава поткрепа на учениците во процесот на учењето.

## 4.4. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ќе се организира и реализира преку општообразовна настава во класични и специјализирани училници и индивидуални домашни задачи кои ќе се изведуваат во училиштето или дома. Образовните активности се организирани во неделен распоред на часови. За успеШна реализација на програмските содржини пожелно е паралелките да не бидат поголеми од 15-20 ученици.

## 4.5. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали.

### 4.5.1 Наставни средства

За содржините од предметот англиски јазик се сугерираат следните наставни помагала: графоскоп, касетофон, видео/ТВ, а по можност и мултимедиски пристап.

### 4.5.2 Учебници и учебни помагала за учениците

За овој курс по англиски јазик за учениците се препорачуваат следниве книги и материјали:

1. Двојазичен речник (македонско-англиски и англиско-македонски).
2. Еднојазичен речник (англиско-англиски).
3. Комплети за паралелката од одобрени учебнички системи.
4. Доколку постои опрема на располагање, тогаш, исто така и аудиовизуелен материјал.
5. Игри, реалија, (весници, списанија, графики и визуелни извори), итн.

Доколку постои опрема на располагање тогаш, исто така, и аудиовизуелен материјал на општи теми .

### 4.5.3 Дополнителна литература за наставниците

За наставникот се препорачуваат следните книги и материјали:

1. Примероци од горенаведените книги/материјали за лична употреба.
2. Претплата преку училиштето на релевантни странски и/или професионални списанија/весници.
3. Примероци од каталози на материјали за учење на англискиот јазик: Delta Systems Co., Inc. ESL Resource Catalogue i/или слични каталози од други издавачки куќи.
4. Пристап до Интернет во заедничката работна просторија на наставниците.
5. Пристап до фотокопирни и други апарати за печатење.

## V. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Увидот во напредокот на знаењата и способностите на учениците да биде планиран, систематски и перманентен и да се остварува во соработка со сите учесници во воспитно-образовниот процес.
Вреднувањето треба да се врши со 8 оценки во текот на учебната година (4 оценки во првото и 4 во второто полугодие).
Во секое полугодие 2 оценки од вкупно 4 ќе се базираат на тестовите, а другите 2 ќе се базираат на усните, комуникативни проверки.
Последиците за ученикот во случај на неуспех ќе бидат во согласност со законските прописи.

## VI. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

- **Основни карактеристики на наставниците**

Наставникот по англиски јазик треба да поседува лични, професионални и педагошки квалитети: да е физички и психички здрав, да го познава мајчиниот јазик, да нема говорни маани, да е комуникативен и отворен за соработка, да има позитивен став, ентузијазам и имагинативност; да е соодветно професионално образован со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа и да напредува во истата, да е добар организатор, да е креативен и способен за иновации во образовната технологија, мотивирање на учениците и сл.

- **Стандард за наставен кадар**

1. Завршени студии по англиски јазик и литература, $VII_1$ степен или англиски јазик и книжевност $VII_1$ степен.
2. Завршени студии по англиски јазик и литература, друга насока, и се здобил со педагошка, психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, $VII_1$ степен.

- **Стандард на простор и опрема**

За средните училишта општо за наставата по англиски јазик се препорачува специјализирана училница со следната училничка инфраструктура:
- вообичаен инвентар: клупи, столчиња, табла;
- графоскоп (може заеднички за повеќе предмети);
- место за безбедно чување на комплетите за паралелката и на книгите со референци (полици или количка);
- касетофон и видео/ТВ (може заеднички);
- пристап до Интернет (по можност).

## VII. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

- **Датум на изработка:** ноември 2003 година

- **Состав на работната група:**

1. Зора Бушовска, советник во Бирото за развој на образованието, П.Е. Охрид, раководител
2. проф. д-р. Екатерина Бабамова, Филолошки факултет, Катедра за англиски јазик, Скопје
3. Афердита Сарачи, професор по англиски јазик УСО "Нико Нестор", Струга
4. Стефанка Цекиќ, професор по англиски јазик, УСО "Св. Климент Охридски", Охрид
5. Ефимија Наумоска, професор по англиски јазик, УСО "Св. Климент Охридски", Охрид

## VIII. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување:** 01.09.2004 година

## IX. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот англиски јазик ја одобри (донесе): ______________________________

______________________________ со решение бр. ____________ од ______________ година.